КОДЕКС ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

на

Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз

РЕПЛЕК АД

Скопје, октомври 2025

replek

За мое добро.

Содржина

1.Вовед.....4
1.1. Правна основа и цел на Кодексот.....4
1.2. Принципи на корпоративното управување.....5
1.3. Значење на доброто корпоративно управување.....5
Во која мера е задолжителен Кодексот за корпоративно управување?.....6

2. Права и третман на акционерите.....6
2.1. Еднаквост и недискриминација на акционерите.....6
Што точно вклучува овој принцип?.....6
2.2. Право на информација.....7
Кои информации мора да ги добива акционерот?.....7
Кои информации друштвото не е обврзано да ги сподели со акционерот?.....7
2.3. Право на малцинските и странските акционери.....8
Специфични права и заштита на малцинските акционери.....8
Правата на странските акционери.....8

3. Органи на Реплек АД Скопје.....9
3.1. Собрание на акционери.....9
Надлежности на Собранието.....9
3.2. Свикување на Собрание на акционери.....9
3.3. Надзорен одбор.....10
Надлежности на Надзорниот Одбор.....11
3.4. Управен одбор.....11
Надлежно сти на Управниот Одбор.....11
3.5. Оценување на органите на управување.....12
4. Транспарентност и обелоденување информации.....12
4.1. Политика за обелоденување.....13
4.2. Однос со инвеститори и јавност.....13

5. Етика, интегритет и корпоративна култура.....13

6. Внатрешна контрола и управување со ризици.....14
6.1. Улога на внатрешна ревизија.....14
6.2. Политика за управување со ризици.....14

7. Односи со засегнатите страни.....15

8. Општествена одговорност (CSR).....16
8.1. Одржливост и ESG политики
(животна средина, општество, управување).....16
Животна средина (Environmental.....17
Општество (Social).....17
Управување (Governance).....17

9. Надворешна ревизија.....17
9.1. Независност на надворешниот ревизор.....18
9.2. Ротација на ревизор.....18
9.3. Избор од страна на независен орган.....18
9.4. Обврска за известување на акционерите.....19

10. Извештај за корпоративно управување.....19

11. Примена и измена на Кодексот.....19

1. Вовед

1.1. Правна основа и цел на Кодексот

Кодексот за корпоративно управување на Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје е донесен врз основа на Законот за трговски друштва, особено член 365-а и член 367 – кои се однесуваат на структурата, надлежностите и одговорностите на органите на управување и контролата во акционерски друштва и член 521 и следни – кои ги регулираат обврските на акционерските друштва од општ интерес и оние чии хартии од вредност се котирани на пазарот; Закон за хартии од вредност кој ја уредува транспарентноста и јавноста на податоците за издавачите на хартии од вредност; Правилникот за котација на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, особено делот кој се однесува на критериумите за котација на Официјалниот пазар (сегмент за компании со обврска за корпоративно управување), членовите кои предвидуваат обврска за применување на Кодекс за корпоративно управување или објаснување на отстапувањата („усогласи или објасни" принцип) и Кодексот за корпоративно управување препорачан од Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, донесен во соработка со Комисијата за хартии од вредност и други релевантни институции, како доброволна рамка со препораки за добра практика во корпоративното управување.

Овој Кодекс на Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје претставува доброволно прифаќање на добрите практики и принципи на транспарентност, отчетност, ефикасност и одговорност во работењето на друштвото, во насока на заштита на интересите на акционерите, засегнатите страни и долгорочната одржливост на друштвото и ја отсликува заложбата на менаџментот на компанијата за упрвување со друштвото на одржлив, транспарентен и законски начин.

Целта на усвојување на овој Кодекс за корпоративно управување е да се воспостават јасни принципи, правила и насоки за одговорно, транспарентно и ефикасно управување со компанијата. Овој кодекс има за цел да помогне да се зајакне довербата меѓу сите засегнати страни – акционери, менаџмент, вработени, инвеститори, регулатори и поширокаата јавност.

1.2. Принципи на корпоративното управување

Принципите на добро корпоративно управување служат како основа за добри практики и стандарди, овозможуваат јасно дефинирање на очекувањата – односно ја опишуваат визијата за тоа како треба да се управува една компанија – етички, транспарентно, одговорно и во интерес на сите засегнати страни. Исто така помагаат во создавање на заедничка рамка, која што како кодекс нуди унифициран пристап за сите засегнати страни. Тоа помага на пазарот да има доследност и доверба. Конечно, принципите помагаат во промовирање на добра корпоративна култура, односно ги охрабруваат менаџерите, директорите и акционерите да се однесуваат етички и одговорно, што води кон подобра организациска култура.
Принципите кои што Реплек АД Скопје ги промовира се следните:
Принцип на транспарентност и отчетност кој во Реплек АД значи обезбедување на јасно известување за работењето на компанијата, за да се подобри информираноста на акционерите и јавноста.
Принцип на заштита на правата на акционерите со кој се гарантира дека акционерите имаат фер третман и дека нивните права се почитуваат, без разлика на бројот на акции кои ги поседуваат.
Принцип на ефикасност на одборите и менаџментот што значи дека во Реплек АД Скопје се промовира професионално и одговорно донесување одлуки од страна на управниот и надзорниот одбор.
Принцип на спречување на злоупотреби и корупција што во пракса значи воспоставување етички стандарди и механизми за спречување на конфликт на интереси, манипулации и злоупотреба на ресурси.
Принцип на долгорочна одржливост односно поттикнување на стратегии што обезбедуваат стабилен развој и долгорочна вредност за компанијата и нејзините засегнати страни.
Принцип на законитост и усогласеност со меѓународни стандарди односно работење во согласност со домашната регулатива, а истовремено хармонизација со глобалните практики и барања, особено како компанија што се стреми да се проширува и да работи на глобалните пазари.

1.3. Значење на доброто корпоративно управување

Добро корпоративно управување претставува систем на односи помеѓу органите на друштвото (надзорен одбор, управен одбор, акционери и останати засегнати страни), преку кои се воспоставува рамнотежа меѓу контролата и

управувањето во функција на одржлив развој и транспарентност на деловното работење.
Добро корпоративно управување:
• Ја зајакнува довербата кај инвеститорите и акционерите;
• Придонесува за подобар углед на друштвото;
• Го подобрува пристапот до капитал и финансиските пазари;
• Ја намалува изложеноста на ризици и корупција;
• Ја зголемува правната усогласеност и деловната одржливост.

За нас, во Реплек АД Скопје, доброто корпоративно управување не е само законска и регулаторна потреба, туку и стратешки инструмент за создавање вредност, стабилност и доверба во корпоративниот сектор.

Во која мера е задолжителен Кодексот за корпоративно управување?

Кодексот за корпоративно управување е препорачан стандард, а не правно обврзувачки акт.
За котирани друштва, особено на официјален пазар, се јавува регулаторна обврска да го применуваат или да ги објаснат отстапувањата.

2. Права и третман на акционерите

2.1. Еднаквост и недискриминација на акционерите

Во врска со правата и третманот на акционерите, еднаквоста и недискриминацијата значи дека во Реплек АД Скопје сите акционери, без оглед на големината на нивниот удел или друг статус, се третирани праведно и еднакво во сите аспекти поврзани со нивните права и обврски во акционерското друштво. Ова е клучен принцип за фер, транспарентно и ефикасно корпоративно управување.

Што точно вклучува овој принцип?

- Еднакви права на глас во однос на бројот на акции (се гарантира еднаква тежина на секоја акција од иста класа).
- Пристап до информации – сите акционери имаат право на исти информации за работењето на друштвото.
- Право на учество и гласање на собрание на акционери без неправедно ограничување.
- Право на дивиденда пропорционално на уделот во капиталот.
- Неможност за фаворизирање или дискриминација помеѓу акционерите во однос на условите за купопродажба, издавање на нови акции или други права.

- Заштита од злоупотреба на мнозинството — мнозинството не смее да ги ускрати или оштети правата на малцинството.

2.2. Право на информација

Правото на информација на акционер значи дека акционерот има право да биде навремено и целосно информиран за работата, финансиската состојба и други важни прашања поврзани со акционерското друштво, со цел да може да ги оствари своите права како сопственик.

Кои информации мора да ги добива акционерот?

Според Закон за трговски друштва (ЗТД) и Правилникот за котација на Македонска берза, акционерот има право да добие:

- Годишни и квартални финансиски извештаи — биланс на состојба, биланс на успех, извештај за парични текови и други важни финансиски документи.
- Извештај за работењето на друштвото.
- Информации за поврзани лица и трансакции кои можат да влијаат врз работењето.
- Повик за собрание на акционери со дневен ред, место и време.
- Предлози за одлуки што ќе се донесуваат на Собранието.
- Записници од претходни собранија (на барање).
- Информации за дивиденда — кога и колку ќе се исплати.
- Информации за промени во структурата на капиталот (нови акции, емисии и сл.).

Кои информации друштвото не е обврзано да ги сподели со акционерот?

Постојат информации кои друштвото не е должно да ги открие поради:

- Заштита на деловна тајна и конкуренција.
- Лични податоци на други лица или податоци кои се заштитени со закон.
- Информации кои можат да доведат до штета на друштвото доколку се откријат предвреме (на пример, тековни преговори, стратегии, идни инвестиции).
- Податоци кои не се релевантни за статусот или правата на акционерот.

Правото на информација е клучен механизам за транспарентност и доверба помеѓу акционерите и управата. Сепак, ова право не е апсолутно

– ограничено е со потребата за заштита на деловна тајна и законски ограничувања.

2.3 Право на малцинските и странските акционери

Во Реплек АД Скопје, согласно закон, малцинските и странските акционери имаат еднаков третман со сите други. Заштитата од злоупотреба на контролен пакет во македонското законодавство значи дека сопственикот на мнозинскиот удел мора да ги користи своите права одговорно, во интерес на целото друштво, а не само за сопствени лични или тесни интереси. Малцинските акционери имаат право на правна заштита и механизми за спречување на неправилности и злоупотреби.

Специфични права и заштита на малцинските акционери

- Право на заштита од злоупотреба на мнозинството:
- Мнозинските акционери не смеат да ја злоупотребуваат својата позиција и да ги оштетуваат интересите на малцинството.
- Право на барање независна ревизија или вонредна ревизија на финансиските извештаи, ако се сомневаат на злоупотреба.
- Право на судска заштита:
- Малцинските акционери можат да поднесат тужба за заштита на нивните права, вклучувајќи и побарување на поништување на неправилни одлуки на собрание.
- Право на судско барање за отштета доколку друштвото или мнозинството ги оштетуваат.
- Право на барање заштита преку Централен депозитар (за квалитетна евиденција и заштита на нивните акции).

Правата на странските акционери

- Рамноправност со домашните акционери:
- Во согласност со Уставот и законите на РСМ, странските акционери имаат исти права и обврски како и домашните, освен ако не постои специјален закон со исклучок (што е ретко).
- Право на слободно располагање со акции:
- Странските акционери можат да купуваат, продаваат и пренесуваат акции во согласност со законските ограничувања (ако ги има).

- Пристап до информации, учество на собрание и гласови според бројот на акции.

3. Органи на Реплек АД Скопје

3.1. Собрание на акционери

Собранието на акционери е највисок орган на управување во Реплек АД Скопје. Тоа претставува форум каде што акционерите ги користат своите права преку донесување одлуки во врска со суштинските прашања за друштвото.

Надлежности на Собранието

Според Законот за трговски друштва, Собранието има следниве надлежности:

- Усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај – Собранието ги разгледува и усвојува финансиските резултати за деловната година.
- Одлука за распределба на добивката и покривање на загубата – Овој орган одлучува за исплата на дивиденда или реинвестирање на добивката.
- Избор и разрешување на членови на управниот и надзорниот одбор - Собранието ги именува членовите.
- Одлука за зголемување или намалување на основната главнина Собранието одлучува за секоја промена на капиталот со издавање нови акции или откуп на постојните.
- Измени и дополнувања на статутот на друштвото - Сите структурни и статусни измени мора да бидат одобрени од акционерите.
- Одлука за спојување, поделба, преобразување или престанок на друштвото – Со согласност на акционерите се одлучува за вакви крупни трансформации.
- Именување на ревизор - Собранието го избира овластениот ревизор кој ќе ја провери годишната сметка.
- Давање согласност за склучување значајни трансакции со поврзани лица - Контрола врз потенцијални судири на интереси.
- Други прашања утврдени со статутот или закон

3.2. Свикување на Собрание на акционери

Собранието го свикува Управниот одбор на друштвото. Седницата може да биде:

- Редовно Собрание – најмалку еднаш годишно, во рокот предвиден со закон

(најчесто до 6 месеци по завршување на финансиската година).

- Вонредно Собрание – кога е потребно, по иницијатива на Управниот, Надзорниот одбор или акционери кои поседуваат одреден минимален процент од акции (на пример 5%).

Собранието се свикува со објавување на Јавен повик, кој мора да се објави најмалку 30 дена пред денот на одржување на седницата на Собранието.

Повикот се објавува на веб-страницата на друштвото, на Македонска берза и во СЕИ системот.

Повикот мора да содржи: датум, место, време, дневен ред, услови за учество, начини на гласање.

Право да учествуваат и гласаат имаат сите акционери кои се запишани во регистарот на акционери најмалку 7 дена пред одржувањето на Собранието (денот на затворање на регистрацијата).

Акционерите можат да учествуваат лично или преку овластен застапник (полномошник).

3.3. Надзорен одбор

Надзорниот одбор е контролен и надзорен орган, составен од 5 члена согласно Статутот на Реплек АД Скопје, кој го следи работењето на Управниот одбор и целокупната работа на друштвото. Неговата задача е да го заштити интересот на акционерите и да обезбеди транспарентност и отчетност.

Надлежности на Надзорниот Одбор

- Надзор и контрола на работењето на Управниот одбор.
- Одобрување на важни стратешки одлуки (на пример, инвестиции, кредити, промени во капиталот).
- Преглед и усвојување на финансиските извештаи.
- Предлагање на кандидатури за членови на Управниот одбор.
- Сведочење и известување на Собранието за резултатите од надзорот.
- Спречување злоупотреби и обезбедување усогласеност со законите и статутот.
- Овластување за одредени трансакции, ако е предвидено со закон или статут.

Надзорниот одбор се среќава најмалку 4 пати годишно, на кеајот на секој квартал, за да ги разгледа резултатите од работењето за изминатиот квартал. По потреба, Надзорниот одбор може да се среќава и почесто, а може

да носи одлуки и вон седница, доколку мноинството од членовите ја потпишат соодветната одлука.

Седниците на Назорниот одбор можат да се одржуватт во живо, по пат на видео конференциска врска или хибридно.

Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и води Претседателот на Надзорниот одбор.

За седниците на надзорниот одбор се води записник.

Надзорниот Одбор работи врз основа на Деловник за работа.

3.4. Управен одбор

Управниот одбор е извршен орган на акционерското друштво. Неговата главна задача е секојдневно управување со работењето на компанијата, спроведување на одлуките на Собранието на акционери и Надзорниот одбор и реализирање на деловните стратегии и оперативни задачи. Во Реплек АД, Управниот Одбор брои 5 члена.

Надлежности на Управниот Одбор

- Раководење со тековното работење на друштвото.
- Донесување оперативни одлуки, планови и политики во согласност со стратегијата.
- Подготовка на финансиски извештаи и други документи за Надзорниот одбор и Собранието.
- Предлагање на годишен буџет и бизнис план.
- Управување со вработените и склучување договори во рамките на овластувањата.
- Извршување на одлуки на Надзорниот одбор и Собранието.
- Информирање на Надзорниот одбор за важни прашања и ризици.
- Застапување на друштвото во однос на трети лица.

Управниот одбор, по правило се среќава на неделна основа, но по исклучок, може состанокот да биде одложен поради обемот и природата на работата на членовите. На состаноците на Управниот одбор се дискутира за тековните рабти на Реплек АД Скопје. За овие состаноци се води записник. На состаноците на Управниот одбор може да присуствуваат и други членови на менаџментот на компанијата.

За работата на Управниот одбор, ќе се донесе посебен Правилник.

3.5. Оценување на органите на управување

Оценувањето на органите на управување во двостепен систем на акционерско друштво претставува важен механизам за подобрување на корпоративното управување и зголемување на одговорноста.

Со редовна евалуација на работата на Надзорниот и Управниот одбор, се обезбедува поефикасно носење одлуки, подобра координација и усогласеност со стратегиските цели на друштвото. Оценувањето придонесува за идентификување на слабости во управувањето, развој на стручноста и професионализмот кај членовите на одборите и унапредување на внатрешните процеси.

Дополнително, тоа ја зголемува довербата на акционерите и инвеститорите, обезбедува транспарентност и спречува потенцијални злоупотреби или корпоративни кризи. Редовното оценување е препорачана практика во согласност со меѓународните стандарди за добро корпоративно управување и е значаен чекор кон одржливо и одговорно делување на друштвото.

Во Реплек АД, следејќи ги најсовремените трендови во Корпоративното управување, а врз основа на овој Кодекс, ќе биде донесена Политика за оценување на органите на Управување.

4. Транспарентност и обелоденување информации

Транспарентноста и навременото објавување на информации во акционерско друштво се од клучно значење за градење доверба меѓу друштвото и неговите акционери, инвеститори, регулатори и поширокаата јавност. Тие овозможуваат акционерите да имаат јасен увид во работењето, финансиската состојба и стратешките насоки на друштвото, што е неопходно за носење информирани одлуки. Навремено и точно објавување на податоци спречува шпекулации, злоупотреба на инсајдерски информации и манипулации со пазарот, а воедно го унапредува корпоративното управување.

Преку транспарентноста се промовира отчетноста на органите на управување, се зајакнува кредибилитетот на друштвото и се подобрува пристапот до капитал, особено на берзата. Затоа, доследното почитување на обврските за известување и објавување информации претставува фундаментален принцип за успешно, етичко и одржливо функционирање на акционерското друштво.

4.1. Политика за обелоденување

Политиката за обелоденување е важен документ кој ги уредува начинот, времето и одговорноста за објавување на информации што се од значење за акционерите, инвеститорите и јавноста.

Во Реплек АД Скопје се стремиме кон највисоките стандарди на транспарентност, и за таа цел, врз основа на овој Кодекс, Политиката за обелоденување ќе биде донесена од страна на органите на друштвото.

Оваа Политика ќе биде во целост усогласена со Законот за трговски друштва, берзанските правила, како и со добрите практики на корпоративно управување. Правилата на Политиката ќе содржат, но нема да бидат ограничени само на:

- Видови информации што подлежат на обелоденување
- Начини и канали на обелоденување
- Временска рамка
- Одговорности
- Заштита на чувствителни информации

4.2. Однос со инвеститори и јавност

Во Реплек АД Скопје сметаме дека уредувањето на Односот со инвеститорите и јавноста е важно затоа што обезбедува јасни правила и стандарди за транспарентна, правична и навремена комуникација помеѓу компанијата, инвеститорите и јавноста.

Ова придонесува за зголемување на довербата кај акционерите, стабилност на пазарот, намалување на ризикот од шпекулации и злоупотреба на информации, како и за унапредување на угледот и кредибилитетот на друштвото. Преку ваква регулатива се зајакнува отчетноста на органите на управување и се поттикнува долгорочно и одговорно делување.

Овој однос исто така е регулиран во Политиката за обелоденување од претходната точка.

5. Етика, интегритет и корпоративна култура

Етиката, интегритетот и корпоративната култура се темелите на одговорното и одржливо работење на секое акционерско друштво. Тие создаваат основа за чесно и транспарентно однесување, ја градат довербата меѓу вработените, инвеститорите и партнерите, и ја поттикнуваат посветеноста кон високи стандарди во донесувањето одлуки. Корпоративната култура

која промовира етика и интегритет ја зајакнува репутацијата на друштвото и придонесува за долгорочен успех.
Во Реплек АД Скопје тие се гледаат низ наште внатрешни акти:

- Кодекс на етичко однесување
- Антикорупциска политика
- Политика за судир на интереси
- Политика за заштита на пријавувачи (whistleblower policy)

6. Внатрешна контрола и управување со ризици

Системот на внатрешна контрола во Реплек АД Скопје претставува сет на правила, процедури и активности кои имаат за цел да обезбедат ефикасно и законско работење на друштвото, заштита на имотот, точност и сигурност на финансиските и оперативните информации, како и усогласеност со важечките закони и политики.

Тој помага во идентификување и управување со ризиците, спречувањето на грешки и злоупотреби, и обезбедува поддршка на органите на управување во исполнувањето на нивните одговорности. На тој начин системот на внатрешна контрола ја зголемува довербата на акционерите и останатите заинтересирани страни во работењето на друштвото.

6.1. Улога на внатрешна ревизија

Улогата на внатрешната ревизија во акционерско друштво е да ја оценува и подобрува ефикасноста на системот за внатрешна контрола, управување со ризиците и процесите на корпоративно управување.

Таа врши независна и објективна проверка на работењето на друштвото, со цел да открие недостатоци, да препорача мерки за нивно отстранување и да придонесе за подобрување на процесите и усогласеноста со законските и регулаторните барања.

Внатрешната ревизија помага на управувачките органи да ги исполнат своите одговорности и ја зголемува довербата на акционерите и останатите заинтересирани страни во транспарентноста и квалитетот на работењето

6.2. Политика за управување со ризици

Политиката за управување со ризиците во акционерско друштво има големо значење бидејќи ја поставува рамката и принципите за идентификација,

проценка, контрола и следење на ризиците кои можат да влијаат на остварувањето на стратешките и оперативните цели на друштвото.

Оваа политика овозможува систематски и проактивен пристап кон управување со неизвесностите, го намалува влијанието на негативните настани и го зголемува потенцијалот за постигнување на позитивни резултати. Со усвојување на јасна и доследна политика, Реплек АД Скопје ја подобрува стабилноста, го зајакнува корпоративното управување и ја зголемува довербата кај инвеститорите и другите заинтересирани страни.

7. Односи со засегнатите страни

Идентификација на засегнати страни (stakeholders) значи препознавање на сите поединци, групи или организации кои имаат интерес, влијание или се погодени од работењето и одлуките на акционерското друштво. Ова е клучен дел од доброто корпоративно управување бидејќи овозможува транспарентност, одговорност и подобра комуникација со сите кои директно или индиректно се поврзани со компанијата.

Во Реплек АД Скопје како засегнати страни се идентификувани:

1. Акционери – сите сопственици на акции, вклучително малцински и мнозински акционери.
2. Вработени – лица што работат во компанијата на различни позиции.
3. Клиенти и купувачи – оние кои користат или купуваат производи и услуги на компанијата.
4. Добавувачи и партнери – компании и лица кои обезбедуваат суровини, услуги или соработка.
5. Кредитори и инвеститори – банки, финансиски институции и инвеститори кои вложуваат средства.
6. Регулаторни и надзорни органи – државни тела кои го контролираат работењето на компанијата.
7. Заедницата и општеството – поширокаата јавност и локалната заедница каде компанијата работи.
8. Конкуренти – други компании во истата индустрија (помалку директно засегнати, но сепак важни за бизнисот).

Вклучувањето на засегнатите страни во управувачките процеси е дел од принципите за транспарентност и одговорност. Во Реплек АД Скопје овој однос се уредува со политиките и процедурите за однос со јавност и инвеститори, политика за обелоденување, политика за управување со ризици и етичкиот кодекс кои го уредуваат конкретниот пристап и начинот на комуникација и

постапување кон различните групи засегнати страни.

8. Општествена одговорност (CSR)

Општествената одговорност во Реплек АД Скопје претставува темелна вредност на одговорно и одржливо работење. Реплек АД Скопје ја признава својата улога во поширокаta заедница и сака активно да придонесува за заштита на животната средина, почитување на човековите права, етичко однесување и поддршка на социјални иницијативи.
Нашата одговорност се отсликува преку следните клучни начела:

1. Безбедност и достапност на лекови
- Гарантирање квалитет, безбедност и ефикасност на производите.
- Промовирање фер пристап до лекови, вклучително и за ранливи групи.

2. Етички маркетинг
- Избегнување манипулативни или неетички промотивни практики.
- Обезбедување точни и проверени информации до пациентите и здравствените работници.

3. Транспарентност
- Објавување на информации за клинички испитувања, несакани ефекти, цени и политики.
- Отворена комуникација со јавноста и институциите.

4. Екологија
- Одговорно управување со отпад и хемикалии.
- Намалување на загадување при производство на лекови.

5. Образование и превенција
- Поддршка на јавно-здравствени кампањи.
- Финансирање на едукација за рационална употреба на лекови.

6. Работнички права и интегритет
- Почитување на права на вработени, безбедност при работа, еднаквост.
- Нулта толеранција за корупција, внатрешни конфликти на интерес и злоупотреби.

8.1. Одржливост и ESG политики (животна средина, општество, управување)

ESG политиките ги претставуваат стандардите и практиките што Реплек АД Скопје ги применува за да обезбеди одржлив раст, намален ризик, и долгорочна вредност за акционерите, клиентите и заедницата.

ESG е кратенка за E – Environmental (Животна средина) S – Social (Општество) G – Governance (Управување).

Во фармацевтскиот сектор, ESG политиките се клучни поради сензитивноста на здравствената дејност и влијанието врз луѓето и животната средина.

Животна средина (Environmental)

Во овој дел, главна цел на Реплек АД Скопје е намалување на негативното влијание врз животната средина. За таа цел ги спроведуваме следните практики:

- Одговорно управување со фармацевтски отпад и хемикалии.
- Примена на „зелени" технологии во производство.
- Намалување на емисиите на CO_2, отпад и потрошувачка на енергија.
- Одговорна употреба на вода и ресурси.
- Извештаи за еколошки перформанси.

Општество (Social)

Во овој дел, главна цел на Реплек АД Скопје е грижа за луѓето – вработени, пациенти, заедница. За таа цел ги спроведуваме следните практики:

- Еднаквост и недискриминација.
- Безбедност и хигиена на работните места.
- Поддршка на јавното здравје и здравствена едукација.
- Одговорно рекламирање и достапност на лекови.
- Дијалог со засегнати страни (stakeholders).

Управување (Governance)

Во овој дел, главна цел на Реплек АД Скопје е воспоставување на етичко, транспарентно и одговорно управување. За таа цел ги спроведуваме слединте практики:

- Политики за борба против корупција и судир на интереси.
- Заштита на правата на малцински акционери.
- Независни членови во Надзорниот одбор.
- Етички кодекси и интерни ревизии.

9. Надворешна ревизија

Законот за трговски друштва, кој го регулира финансиското известување и ревизијата на јавно котирани друштва предвидува задолжителна обврска за надворешна ревизија. Дополнително, оваа обврска е утврдена и во

правилниците и регулативите на Македонската берза и Комисијата за хартии од вредност, кои поставуваат стандарди за транспарентност, точност и доверливост на финансиските извештаи.

Целта на оваа обврска е да се обезбеди независна и професионална проверка на финансиските податоци, со што се зајакнува довербата на инвеститорите и се унапредува корпоративното управување.

Ревизорските друштва, согласно законот за ревизија, се обврзани да ги почитуваат Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) и Кодексот на етика на ИФАК, што вклучува правила за независност.

Ние, во Реплек АД Скопје, ревизијата ја гледаме како гарант на точноста, објективноста и транспарентноста на финансиското известување, како и средство за зајакнување на довербата на акционерите, инвеститорите и јавноста.

Заради горенаведеното, при избор на надворешен ревизор се држиме до следните принципи:

9.1. Независност на надворешниот ревизор

Во Реплек АД Скопје, сериозно ја сфаќаме обврска ревизорот да биде целосно независен од друштвото, управувачките тела и акционерите.
При изборот на надворешниот ревизор, се води сметка ревизорот да нема деловни, финансиски или други релации што ја доведуваат во прашање неговата објективност.

9.2. Ротација на ревизор

Ротацијата на ревизор во Реплек АД Скопје на секои пет години е важна, затоа што ја зачувува независноста и објективноста на ревизорот. Со редовна промена на ревизорската куќа или лица, се намалува ризикот од создавање на прекумерни лични или деловни врски помеѓу ревизорот и друштвото, кои можат да влијаат врз квалитетот и искреноста на ревизорските извештаи. Ова ја зајакнува довербата на инвеститорите и јавноста во точноста и транспарентноста на финансиското известување, а истовремено помага да се спречат можни судири на интереси и злоупотреби.

9.3. Избор од страна на независен орган

Во Реплек АД Скопје, Надзорниот одбор го предлага надворешниот ревизор, а го именува Собранието на акционери. Со ова се спречува директно

влијание на извршниот орган (управен одбор/менаџмент) врз изборот.

9.4. Обврска за известување на акционерите

Ревизорот има законска обврска директно да им реферира на акционерите, а не само на органите на управување. Годишниот ревизорски извештај е јавно достапен и вклучен во годишниот извештај на друштвото.

10. Извештај за корпоративно управување

Обврската за поднесување извештај за корпоративно управување произлегува од Законот за трговски друштва и од правилниците на Македонската берза, особено за акционерските друштва кои се котирани на берзата.

Извештајот го поднесува одговорното лице за корпоративно управување во друштвото, што во Реплек АД Скопје претставува Офицерот за корпоративна усогласеност, а се доставува до Собранието на акционерите и до Македонската берза како дел од обврските за транспарентност и известување.

Целта на овој извештај е да ги прикаже применетите практики и стандарди на корпоративно управување, како и усогласеноста со законските и регулаторните барања, со што се зајакнува довербата кај инвеститорите и јавноста.

Извештајот, како и Прашалникот за примена на Кодексот за корпоративно управување, треба да биде составен на принципот „Примени или објасни".

Принципот „Примени или објасни" е важен концепт во корпоративното управување кој значи дека компаниите треба да ги применуваат препорачаните стандарди и практики или, ако не ги применуваат, да објаснат јасно и транспарентно зошто тоа не го прават.

Овој принцип овозможува флексибилност при имплементацијата на добрите практики, но истовремено ја зголемува отчетноста и транспарентноста, бидејќи компаниите мораат да ги образложат своите одлуки и политики пред инвеститорите и јавноста.

Извештајот се поднесува по завршувањето на календарската година - за годината што изминала.

11. Примена и измена на Кодексот

За успешна примена на Кодексот за корпоративно управување е важно друштвото да ги усвои неговите принципи како дел од својата култура и

секојдневно работење.

Тоа подразбира јасна посветеност на органите на управување кон принципите на корпоративно управување, како што се транспарентност, отчетност, етика и заштита на интересите на акционерите и другите засегнати страни. Исто така подразбира доверба и соработка на сите засегнати страни, со единствена цел – креирање на успешна корпоративна приказна. Исто така, важна е и отворената комуникација со инвеститорите и јавноста, како и подготвеноста да се објаснуваат евентуалните отстапки или предизвици при имплементацијата. На овој начин, Кодексот станува алатка за зајакнување на довербата и долгорочната одржливост на друштвото.

Овој Кодекс за корпоративно управување го донесува Надзорниот Одбор на Реплек АД Скопје, а постапката за негова измена е идентична со постапката за негово донесување.

Со донесувањето на овој Кодекс, Кодексот за корпоративно управување на Реплек АД Скопје, кој влезе на сила на 1.5.2020 година, се става вон сила.

Скопје, октомври 2025

Претседател на НО на
Реплек АД Скопје
Антонио Георгиевски с.р.